# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО

СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 07.05.2026<br>БРОЈ 10 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на природна непогода “голомразица” што ја зафати територијата на општина Берово на 1, 2 и 3-ти мај 2026 година;

Одлука за утврдување на природна непогода “голомразица” што ја зафати територијата на општина Берово на 1, 2 и 3-ти мај 2026 година;

З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за давање на согласност на Решение за определување на надоместок на Комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Берово;

Заклучок за давање на согласност на Решение за определување на надоместок на Комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Берово;

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за утврдување на природна непогода “голомразица” што ја зафати територијата на општина Берово на 1, 2 и 3-ти мај 2026 година

Се објавува О Д Л У К А за утврдување на природна непогода “голомразица” што ја зафати територијата на општина Берово на 1, 2 и 3-ти мај 2026 година Бр.09-1830/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 07.05.2026 година.

Бр.08-1832/1 ОПШТИНА БЕРОВО
07.05.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија’’ бр.5/02 и “Службен Весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и допис од УХРМ, примен во Општина Берово со бр.09-1816/2 од 06.05.2026 година, Советот на Општина Берово на 10-та седница одржана на ден 07.05.2026 година како вонредна седница, донесе:

О Д Л У К А
за утврдување на природна непогода “голомразица” што ја зафати територијата на општина Берово на 1, 2 и 3-ти мај 2026 година

Член 1

Советот на општина Берово донесува Одлука за утврдување на природна непогода “голомразица” што ја зафати територијата на општина Берово на 1, 2 и 3-ти мај 2026 година, каде што има сторено штета врз земјоделските култури.

Член 2

Се задолжува Општина Берово да објави јавен повик за поднесување на барања за пријавување на штети на земјоделски култури.

Член 3

За утврдување на штетата која е настаната како резултат на природната непогода “голомразица”, Комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Берово, формирана со Одлука на Совет со Бр.09-3951/1 од 10.11.2025 година, во законски предвидениот рок да ги разгледа, обработи и изврши теренски увид на настанатата штета, по секое поднесено барање од граѓаните.

Член 4

Комисијата при извршување на својата работа е должна да постапува во согласност со прописите за заштита и спасување и по единствена Методологија за процена на штета, што ја донесува Владата, на предлог на Министерството за финансии.

Член 5

Се задолжува Комисијата по завршената работа да изготви извештај за

утврдената штета и истиот да го достави до Советот на Општина Берово и до комисијата што ја формира Владата на Република Северна Македонија.

Член 6

По предлог мислење на Министерството за финансии за можноста за обезбедување на парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија, Владата носи одлука за висината на средствата и начинот на обештетување на граѓаните.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во “Службен гласник на општина Берово”.

Бр.09-1830/1 Совет на Општина Берово
07.05.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К за давање на согласност на
Р Е Ш Е Н И Е
за определување на надоместок
на Комисијата за процена на штети од
природни непогоди и други несреќи на
подрачјето на Општина Берово

Се објавува З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Р Е Ш Е Н И Е за определување на надоместок на Комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Берово Бр.09-1831/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 07.05.2026 година.

Бр.08-1832/2 ОПШТИНА БЕРОВО
07.05.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл. Весник на РСМ” бр.202/24), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Советот на Општина Берово на 10-тата седница одржана на 07.05.2026 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за давање на согласност на

Р Е Ш Е Н И Е
за определување на надоместок
на Комисијата за процена на штети од
природни непогоди и други несреќи на
подрачјето на Општина Берово

1. Советот на Општина Берово дава согласност на Решението за определување на надоместок на Комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Берово со Бр.08-1807/1 од 05.05.2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-1831/1 Совет на Општина Берово
07.05.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

*******************

ОПШТИНА БЕРОВО